Дневни билтени

2015

Февруари
Март
Април
Мај
Јуни
Јули
Август
Септември
Октомври
Ноември
Декември

2016

2017

2018

2019

2020

2021

2022

Извадок на ден од дневни настани 24.12.2022

Денеска (24.12.2022) во 02.30 часот на подрачјето на Кисела Вода, полициски службеници од Единицата за интервентна полиција при СВР Скопје го лишиле од слобода Д.Р.(39) од Скопје, затоа тоа што кај него била пронајдена и одземена бела прашкаста материја. По документирање на случајот против него ќе биде поднесена соодветна пријава.

На 23.12.2022 во 23.00 часот во Градскиот парк во Велес, полициски службеници од СВР Велес го лишиле од слобода С.С.(22) од Велес, затоа тоа што кај него била пронајдена и одземена марихуана. По документирање на случајот против него ќе биде поднесена соодветна пријава.

На 23.12.2022 во 20.50 часот во Тетово, полициски службеници од СВР Тетово ги лишиле од слобода С.А.(22) и уште двајца малолетници, сите од Тетово, затоа тоа што кај нив била пронајдена и одземена марихуана. По документирање на случајот против нив ќе биде поднесена соодветна пријава.

Министерството за внатрешни работи во текот на вчерашниот ден (23.12.2022) продолжи со контролите во областа на сообраќајот. На територија на град Скопје изречени се вкупно 157 мерки, меѓу кои за возење повеќе од дозволената брзина 20 санкции, 12 мерки за возење без возачка дозвола, 18 санкции за возење под дејство на алкохол.Изречени се девет мерки за минување на затворен сигнал (црвено светло), пет санкции за користење мобилен телефон...

На 23.12.2022 во 11.00 часот во СВР Штип е пријавено дека на крстосницата од ул. „Суѓуеска" со ул.„Широк дол" во Штип патничко возило „рено меган" со штипски регистарски ознаки, управувано од В.Г.(71) од Штип удрило во пешакот С.В.(76) од Штип. Во несреќата пешакот се здобил со тешки телесни повреди, констатирани во Клиничката болница во Штип. Извршен бил увид од увидна екипа од СВР Штип.

На 23.12.2022 во 11.20 часот во Полициската станица Центар, Л.Т.(50) од Скопје пријавила дека во кругот на Комплекс клиники „Мајка Тереза" била касната од куче скитник.

На 23.12.2022 во 18.00 часот во Полициската станица Аеродром, Д.Г.(36) од Скопје пријавил дека на бул.„АСНОМ" бил каснат од куче скитник.

На 23.12.2022 во 13.30 часот во Полициската станица Гази Баба, С.Б.(56) од Скопје пријавила дека во населбата Ќерамидница нејзиниот малолетен син бил каснат од куче скитник.

На 23.12.2022 во 14.00 часот на место викано „Варница", во атар на село Варварица, струмичко, полициски службеници од Полициска станица Радовиш ги лишиле од слобода Д.С.(22), С.С.(43) и З.С.(43), сите од село Баница, струмичко. Лицата биле затекнати како со 15 запрежни возила превезуваат вкупно 25 метри кубни бесправно исечени дабови огревни дрва, а кај них биле пронајдени и одземени и неколку моторни пили. Дрвата и запрежните возила се пренесени во склад на Јавното претпријатје „Национални шуми" во Струмица. Трите лица се приведени и задржани во полициска станица Струмица, а во координација со Јавен обвинител по целосно документирање на случајот против них ќе биде поднесена пријава поради постоење основи на сомнение дека сториле кривично дело „пустошење на шума", по член 226 од Кривичниот законик.

На 23.12.2022 во 16.30 часот во с.Форино, гостиварско, од полициски службеници од Полициското одделение Чегране бил лишен од слобода Љ.А.(56) од с.Форино. Тој околу 12.30 часот во близина на место викано „Голема нива", помеѓу с.Форино и с.Чајле, по претходна расправија, физички го нападнал неговиот 32-годишен син и се обидел и да го удри со возило во кое претходно двајцата се превезувале. По целосно документирање на случајот ќе следи соодветен поднесок.

На 23.12.2022 во 19.30 часот З.П.(59) од с.Табановце пријавил дека околу 14.30 часот во Куманово бил физички нападнат од Н.М. од с.Табановце. Се работи на расчистување на случајот.

На 23.12.2022 во 16.20 часот во Полициското одделение Македонска Каменица било пријавено околу 14.15 часот во рудник, Г.Ј.(43) од с.Тодоровци се здобил со повреда додека извршувал работни задачи. Тој бил пренесен во Медицинскиот центар во Штип за укажување на лекарска помош. Известени биле Јавен обвинител и Трудов инспектор.

На 24.12.2022 во 03.15 часот М.К. пријавил дека околу 03.00 часот во Прилеп бил физички нападнат од А.М.. Се работи на расчистување на случајот.

Денеска (24.12.2022) во 08.00 часот на подрачјето на Ѓорче Петров полициски службеници од Полициската станица Ѓорче Петров го лишиле од слобода Б.П.(38) од Скопје, поради тоа што околу 07.00 часот се заканувал и фрлил со остар предмет кон неговиот сосед А.В.(31) од Скопје. По целосно документирање на случајот ќе следи соодветен поднесок.

На 23.12.2022 во 14.00 часот во Полициската станица Центар М.К.(39) од Скопје пријавил дека била пронајдена неговата ќерка М.К.(13), која на 21.12.2022 беше пријавена дека се оддалечила од домот.

На 23.12.2022 во 17.30 часот во Полициската станица Гази Баба, И.Ј.(37) од Скопје пријавил дека на ул.„Модест Мусогоргски" бил каснат од куче скитник.

ОВР Гостивар поднесе кривична пријава против Е.А.(56) од село Лакавица и Х.Ј.(38) од Гостивар, поради постоење основи на сомнение за сторено кривично дело „неовластено производство и пуштање во промет наркотични дроги, психотропни супстанци и прекурсори". На 06.05.2022 во Гостивар, полициски службеници извршиле преглед над второпривременот, при што пронашле и одзеле кокаин, кој го купил од првопривременот.

На 23.12.2022 во 16.10 часот А.К.(19) од Кавадарци пријавил дека околу 04.15 часот, додека бил на работа во тобако во Кавадарци, бил физички нападнат од Г.С. од Неготино. Се работи на расчистување на случајот.

На 24.12.2022 во 02.00 часот Т.К.(47) од Велес пријавил дека околу 00.15 часот во Велес, по претходна расправија, неговиот малолетен син бил физички нападнат од неколку малолетници, од кои дел ги познавал. Се работи на расчистување на случајот.

На 23.12.2022 во 19.00 часот Д.Н.(51) од с.Чегране пријавил дека во с.Чегране, гостиварско, по претходно недоразбирање, бил физички нападнат Е.А. од истото село. Се работи на расчистување на случајот.

На 23.12.2022 во 09.15 часот во СВР Скопје било пријавено дека во КПУ Затвор Идризово од страна на осуденик М.М.(56) од Тетово бил физички нападнат со остар предмет припадник на затворската полиција кој извршувал службени дејства. Се работи на расчистување на случајот.

На 22.12.2022 во 13.00 часот било пријавено дека во с.Семениште, скопско, по претходна меѓусебна расправија, бил нарушен јавниот ред и мир со меѓусебна пресметка помеѓу И.Б.(20) од с.Копаница, М.З.(18) од с.Ласкарци, С.З.(21) од с.Копаница и уште еден малолетник од с.Копаница, од една страна, и М.Н.(19), А.Ш.(19) и уште еден малолетник, сите од с.Чајлане, од друга страна. По целосно документирање на случајот ќе следи соодветен поднесок.

На 23.12.2022 во 15.30 часот во Полициската станица Центар, В.П.(40) од Скопје пријавил дека во кругот на Комплекс клиники „Мајка Тереза" бил каснат од куче скитник.

На 24.12.2022 во 02.25 часот Ф.Х.(43) од Скопје пријавил дека околу 01.45 часот пред угостителски објект на подрачјето на Карпош бил физички нападнат од три лица вработени во објектот. Се работи на расчистување на случајот.

На 23.12.2022 во 19.00 часот С.Г.(50) од Скопје пријавила дека околу 11.50 часот, во основно училиште на подрачјето на Центар, нејзината малолетна ќерка била физички нападната од нејзин соученик. Се работи на расчистување на случајот.

Надворешната канцеларија за криминалистички работи Кочани поднесе кривична пријава против Е.Д.(45) и В.Ј.(42), двајцата од Кочани, поради постоење основи на сомнение за сторено кривично дело „овозможување на употреба наркотични дроги". На 25.11.2021, во домот на првопривремениот, неколку лица користене марихуана која им била дадена од двете кривичнопривремени лица. Исто така, при претрес во домот на Е.Д. биле пронајдени и одземени марихуана и дробилка со остатоци од марихуана.

На 24.12.2022 во 00.05 часот во СВР Скопје од Комплекс клиники „Мајка Тереза" било пријавено дека кај нив бил донесен Д.И.(27) од с.Крушопек со повреда во ногата од огнено оружје. Од полициски службеници бил извршен разговор со повредениот, кој изјавил дека додека преминувал преку мост во с.Крушопек, бил погоден од проектил. Се пресемаат мерки за расчистување на случајот.

На 23.12.2022 во 21.37 часот С.И.(41) од с.Бучин пријавил дека на 22.12.2022 околу 11.00 часот пред основно училиште во Радовиш неговата малолетна ќерка била физички нападната од едно лице. Се работи на расчистување на случајот.

На 23.12.2022 во 15.45 часот во Полициската станица Кисела Вода, Н.Ј.(55) од Скопје пријавил дека на трим патека на подрачјето на Кисела Вода бил каснат од куче скитник.

СВР Тетово поднесе кривична пријава против С.А.(40) од с.Подбреѓе-Јегуновце, поради постоење основи на сомнение за сторено кривично дело „вршење на јавен превоз без поседување на лиценца". На 27.10.2022 на регионалниот пат Тетово-Волковија полициски службеници извршиле контрола на минибус „мерцедес спринтер" со тетовски регистарски таблици, управувано од пријавениот, при констатирале дека врши јавен превоз на патници без да поседува лиценца.

На 24.12.2022 во 05.30 часот било пријавено дека во близина на с.Оризари, кочанско, во маркет од бензиска пумпа, две лица со закана од вработениот одзеле пари. Се работи на расчистување на случајот.

На 24.12.2022 во 02.27 часот Б.Н.(51) од с.Орман, скопско, пријавила дека во станбен комплекс во селото, настанал пожар на нејзините патнички возила „мерцедес компресор" и „волво" со скопски регистарски ознаки, од кој бил зафатен и дел од ограда и настрешница. Повредени лица нема. Извршен бил увид од увидна екипа од СВР Скопје и се работи на расчистување на случајот.

СВР Куманово поднесе кривична пријава против Н.К.(37) од Куманово, поради постоење основи на сомнение за сторено кривично дело „вршење на јавен превоз без поседување на лиценца". На 29.09.2022 околу 17.25 часот, кај „Извор, кумановско, полициски службеници извршиле контрола на патничко возило „цитроен", управувано од пријавениот, при што било констатирано дека врши јавен превоз на дрво и дрвни сортименти без да поседува лиценца.

На 23.12.2022 во 21.46 часот во СВР Скопје од Комплекс клиники „Мајка Тереза" било пријавено дека кај нив бил донесен С.М.(22) од Скопје со повреда од остар предмет, со која се здобил во близина на трговски центар на подрачјето на Карпош. Се работи на расчистување на случајот.

Секој упад и злоупотреба на веб страницата на МВР е казнив по член 251 од КЗ на Република Северна Македонија

Министерство за внатрешни работи на Република Северна Македонија, ул.Димче Мирчев бр.9, 1000 Скопје.
тел: +389 (0)2 3 117 222 факс: (02)3112468 e-пошта: kontakt@moi.gov.mk

Изработено од Унет